РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-296/6
8.08.2025 година
СКОПЈЕ

ЗАПИСНИК

**од двесте триесет и шестата седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 16 јули 2025 година**

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 16 јули 2025 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте триесет и шестата седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, Душица Димитриеска, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, Златко Биковски, член на УО, д-р Али Алиу, член на УО, Енѓелуше Кадриу Леши, заменик член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорот на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија констатираше дека материјалите за седницата се навремено доставени, дека Управниот одбор е присутен во полн состав и тоа - сите членови на Управниот одбор и еден заменик член. Констатираше дека се исполнети услови за одржување на двесте триесет и шестата седница на Управниот одбор, по што премина кон читање на предложениот дневен ред за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Усвојување на Записник од 235-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Разгледување на допис за назначување на заменик член во Управен одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, по доставена номинација од Здружение на судии на РСМ од 01.07.2025 година.
3. Запознавање со донесени Правилници за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Академијата за

судии и јавни обвинители број 04-106/1 од 20.02.2025 година и број 04-106/5 од 02.06.2025 година.

4. Извештај за реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година.

5. Подготовка на предлог текст на Статут на Академијата за судии и јавни обвинители.

6. Разно.

За збор се јави членот на Управниот одбор, м-р Антоанета Димовска, која предложи дополнување на предлог дневниот ред со нова точка – Разгледување на Одлука на Управниот одбор за именување на Андреја Весов за член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители. По одржана дискусија во однос на потребата од дополнување на дневниот ред со оваа точка, предлогот на членот на УО, м-р Антоанета Димовска, беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со 6 гласа ЗА и 3 гласа ПРОТИВ. Претседателот на Управниот одбор, м-р Бесник Авдија, констатираше дека со мнозинство гласови од членовите на УО дневниот ред е дополнет со нова точка 4, додека точките 4, 5 и 6 стануваат точки 5, 6 и 7, како во продолжение:

1. Усвојување на Записник од 235-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

2. Разгледување на допис за назначување на заменик член во Управен одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, по доставена номинација од Здружение на судии на РСМ од 01.07.2025 година.

3. Запознавање со донесени Правилници за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Академијата за судии и јавни обвинители број 04-106/1 од 20.02.2025 година и број 04-106/5 од 02.06.2025 година.

4. Разгледување на Одлука на Управниот одбор за именување на Андреја Весов за член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители.

5. Извештај за реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година.

6. Подготовка на предлог текст на Статут на Академијата за судии и јавни обвинители.

7. Разно.

Откако беше изгласано дополнувањето на дневниот ред, претседателот на Управниот одбор го стави на гласање вака предложениот дневен ред и истиот беше усвоен со 8 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ – од членот на УО Радица Лазареска Геровска.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - усвојување на записник од 235-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка.

За збор се јави членот на УО, м-р Антоанета Димовска која истакна дека нема да гласа по однос на записникот бидејќи не била присутна таа седница.

Следен за збор се јави членот на УО, д-р Али Алиу кој истакна дека би сакал да укаже на одредени пропусти настанати во одржувањето на претходната 235-та седница на УО. Имено, д-р Алиу посочи дека смета дека неоправдано му било ускратено правото да присуствува на 235-та седница на УО. Појасни дека половина час пред почетокот на одржувањето на седницата, во 12.30 часот преку порака го известил лицето задолжено за работа со Управниот одбор на Академијата-Ана Милчевска дека не е во можност со физичко присуство да присуствува на седницата и побарал да присуствува на седницата online. Со оглед на тоа дека не добил веднаш повратен одговор бидејќи лицето задолжено за работа со Управниот одбор на Академијата подоцна го известила дека не ја видела веднаш пораката бидејќи користи одмор и е надвор од државата, електронски во вибер групата на Управниот одбор известил дека не е во можност физички да присуствува и побарал да биде приклучен на седницата електронски, што не му било овозможено. Истакна дека согласно член 4 став 5 од Деловниот за работа на Управниот одбор на Академијата има право да се приклучи електронски, по што го прочита член 4 став 5 од Деловниот за работа на Управниот одбор:

„Се смета дека членот на Управниот одбор е присутен доколку постои двонасочна телефонска или друга врска (видеоконференциска), која гарантира идентификација и дозволува учество во дискусијата и донесувањето на одлуката. Гласот на овој член се потврдува во записник од страна на присутните членови на Управниот одбор."

Претседателот на Управниот одбор на Академијата посочи дека на претходните седници на Управниот одбор бил постигнат заеднички договор помеѓу сите членови на Управниот одбор дека кога ќе се работи на предлог текст на Статут на Академијата, сите членови на Управниот одбор ќе бидат присутни со физичко присуство на седницата, во интерес на работата. Додаде дека барањето за физичко присуство било сторено исклучиво поради таквиот меѓусебен заеднички договор, а дополнително додаде и дека д-р Али Алиу известил за неможноста за физичко

присуство само неколку минути пред почетокот на седницата, што дополнително ја отежнува можноста за приклучување електронски. Исто така посочи дека одредбата од член 4 став 5 од Деловникот не треба да стане пракса да се користи постојано.

За збор повторно се јави д-р Али Алиу кој додаде дека точката на дневен ред која се однесуваше на изработка на предлог текст на Статут на Академијата била одложена токму поради отсуството на повеќе членови на Управниот одбор, па доколку таа била причината за потребата од физичко присуство, Управниот одбор можел да му дозволи приклучување на останатите точки на дневен ред, поради што и не му е исплатен надомест за учество во работата на Управниот одбор за месец јуни. Дополни дека смета дека не е во ред да се излегува од досегашната пракса на Академијата кога во минатото секогаш била отворена можноста за електронско вклучување на седниците на Управниот одбор, кога веќе тоа го дозволува Деловникот за работа. Дополнително, додаде дека и денешната седница на Управниот одбор била првично закажана за 14.07, па презакажана за 16.07 поради службени обврски на претседателот на Управниот одбор и дека и самиот има заменик и треба да се постапува подеднакво за сите членови на Управниот одбор.

Директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски се јави за збор и посочи дека во однос на неисплатениот надоместок, истото произлегува од член 13 став 3 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители кој вели:

> „Месечниот надоместок предвиден за работа на членот на Управниот одбор се исплаќа на членот и заменикот-член пропорционално на бројот на седници на коишто присуствувал во тековниот месец за кој се врши исплатата."

За збор се јави м-р Антоанета Димовска која го изнесе својот став дека и самата како и судијата Али Алиу била отсутна на претходната седница, нејзиниот заменик член не бил во можност да присуствува и дека и самата била во можност да се вклучи електронски, но дека прифаќа дека навистина постоел договор за физичко присуство на седницата на која ќе се работи на Статутот на Академијата. Додаде дека можеби Управниот одбор можел да ги вклучи електронски членовите кои не биле во можност физички да присуствуваат на седницата барем за останатите точки од дневниот ред, но дека верува дека веројатно на тоа присутните членови на Управниот одбор не се сетиле и дека тоа не го смета за проблем.

За збор се јави судија Беса Адеми која побара на страна 1 пасус 1 да се дополни записникот од претходната седница дека била оправдано отсутна, како што истото е направено за судија Антоанета Димовска и судија Али Алиу. По

одржана кратка дискусија беше заклучено дека тоа не е потребно бидејќи истото се подразбира бидејќи бил присутен нејзинот заменик член – судија Сафет Кадрии, чие присуство е евидентирано во записникот.

Со оглед на тоа дека дискусијата беше исцрпена, Записникот од 235-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со 5 гласа ЗА – од членовите на УО кои беа присутни на претходната седница на Управниот одбор, додека останатите членови на Управниот одбор кои не беа присутни на претходната седница не гласаа по однос на истиот.

**Втората точка** на дневен ред беше - разгледување на допис за назначување на заменик член во Управен одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, по доставена номинација од Здружение на судии на РСМ од 01.07.2025 година. Претседателот на Управниот одбор истакна дека со допис од 01.07.2025 година, Здружението на судии на РСМ, како негов заменик член ја номинира судија Сузана Дончевска, судија на Основен граѓански суд Скопје. Беше побарана биографија за новономинираната судија, по што беше направена кратка пауза со цел лицето задолжено за работа со Управниот одбор на Академијата да ја обезбеди истата од интернет страната на Основниот граѓански суд и да умножи доволно примероци за сите. По 5 минути, биографијата на судијата Сузана Дончевска беше донесена и умножена за сите членови на УО. Од увидот во истата беше утврдено дека судијата е избрана за судија на ден 07.02.2008 година, од што произлегува дека судијата има повеќе од 17 години искуство како судија и ги исполнува законски предвидените услови за членство во Управниот одбор на Академијата. Претседателот на Управниот одбор констатираше дека Управниот одбор едногласно го констатира мандатот на судија Сузана Дончевска, судија на Основен граѓански суд Скопје како заменик член на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители на членот Бесник Авдија. Беше задолжена Академијата да изготви формална Одлука во врска со истото.

**Трета точка** на дневен ред беше точката за запознавање со донесени Правилници за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Академијата за судии и јавни обвинители број 04-106/1 од 20.02.2025 година и број 04-106/5 од 02.06.2025 година. Претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката да даде вовед во оваа точка. Директорката на Академијата, истакна дека согласно член 11 став 1 алинеја 22 од ЗАСЈО, Управниот одбор со запознава со актите за внатрешна организација и систематизација на работните места донесени по претходна согласност на Министерството за информатичко општество и администрација од страна на директорот. Во таа насока, директорката на Академијата го информираше

Управниот одбор на Академијата дека Академијата во 2025 година во два наврати изврши промена на актот за ситематизација на работните места, кој како материјал е доставен на денешната седница за запознавање и тоа во месец февруари и јуни 2025 година, а истото е сторено согласно потребите за непречено функционирање на Академијата. Управниот одбор констатираше дека се запознал со измените на актот за ситематизација и оваа точка беше исцрпена.

**Четврта точка** на дневен ред беше - разгледување на Одлука на Управниот одбор за именување на Андреја Весов за член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка.

За збор се јави судија Беса Адеми која побара појаснување од каде произлегува потребата од повторно разгледување на оваа точка.

За збор се јави м-р Антоанета Димовска, која одговори дека во медиумите, Министерот за правда имал изјава во врска со назначувањето на г. Андреја Весов како член во Програмскиот совет и дека самиот изјавил дека ќе изврши проверка во врска со членството на г. Весов во Програмскиот совет во однос на исполнетоста на условите од ЗАСЈО. Истакна дека смета дека кога веќе за истото се зборувало во јавноста, смета дека Управниот одбор како орган кој ја донел таа одлука треба повторно да ја разгледа и евентуално да се обрати до Министерството за правда да бара конкретен одговор за тоа каков е статусот на г. Весов во Министерството и дали е вработен на некоја од раководните позиции согласно Законот за административни службеници. Беше одржана дискусија во насока на тоа дали дискусијата на ова прашање во јавноста треба да биде основ за повторно разгледување на донесената одлука за назначување на г. Весов како член во Програмскиот совет.

Следен за збор се јави д-р Али Алиу кој го изнесе својот став дека член 19 став 4 алинеја 2 од ЗАСЈО вели дека Министерството за правда номинира раководен службеник, а имајќи предвид дека во Законот за административни службеници се детално уредени раководните државни службеници, треба да се добие одговор на прашањето дали г. Весов е поставен на некое од овие работни места или не.

За збор се јави Радица Лазареска Геровска која постави прашање по кој основ повторно се отвара ова прашање, на што претседателот на Управниот одбор одговори дека за мнозинството членови од Управниот одбор гласаше да се дополни дневниот ред.

По одржана кратка дискусија, претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлогот на судија Антоанета Димовска и судија Али Алиу, Управниот одбор да ја задолжи Академијата повторно да се обрати до Министерството за правда на РСМ со барање за одговор на прашањето дали г. Весов во Министерството за правда има својство на раководно лице согласно Законот за административни службеници. ЗА предлогот гласаа 5 члена на УО и тоа: претседателот на УО, м-р Бесник Авдија, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Душица Димитриеска, заменик член на УО, Енѓелуше Кадриу Леши и член на УО д-р Али Алиу. ПРОТИВ предлогот гласаа 4 члена: член на УО, Спасенка Андонова, член на УО, Беса Адеми, член на УО, Златко Биковски и член на УО Радица Лазареска Геровска.

Претседателот на Управниот одбор констатираше дека со мнозинство гласови беше усвоен предлогот и беше задолжена Академијата повторно да се обрати до Министерството за правда на РСМ со барање за одговор на прашањето дали г. Весов во Министерството за правда има својство на раководно лице согласно Законот за административни службеници.

Со оглед на тоа дека се исцрпи дискусијата по однос на претходната точка, се пристапи кон петтата точка на дневен ред - Извештај за реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година. Претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката на Академијата да даде воводно излагање по однос на оваа точка. Директорката на Академијата истакна дека во доставените материјали по однос на оваа точка е доставен Извештај за реализација на годишниот план за јавни набавки, како преглед на реализирани постапки за јавни набавки, постапки кои се во тек и нереализирани постапки.

Освен тоа, директората на Академијата додаде дека во материјалите исто така е доставен и предлог Годишен план за дополнување на планот за јавни набавки за 2025 година и тоа со набавки за неопходни Microsoft лиценци за две години, со максимална вредност од 600.000,00 денари, набавка на сервер во износ од 1.900.000,00 денари и набавка на услуги за хотелско сместување во максимален износ од 600.000,00 денари. Појасни дека сите овие набавки се неоходни за непречено функционирање на работата на Академијата, дека проблемот со мејловите на Академијата настанат во текот на претходниот ден ја повлекол со себе потребата од набавка на овие Microsoft лиценци. Дополнително, директорката на Академијата додаде дека од страна на Судскиот буџетски совет и било укажано дека има обезбедени финансиски средства и за набавка на потребниот сервер во износ од 1.900.000.00 денари.

Со оглед на тоа дека немаше пријавени за збор, претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлог дополнувањето на планот за јавни набавки за 2025 година и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите присутни.

Наредна точка на дневен ред беше **шесттата точка** - Подготовка на предлог текст на Статут на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка. По одржана кратка дискусија беше заклучено дека најдобро е расправата по однос на оваа точка да се одложи за од септември 2025 година.

**Последната точка** од дневен ред беше точката разно. Претседателот на Управниот одбор и даде збор на директорката на Академијата да даде излагање по однос на оваа точка. Директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, истакна дека под оваа точка би сакала да го информира Управниот одбор за сето долунаведено:

- Дека Академијата започнува со изготвување на петгодишен Стратешки план на Академијата за судии и јавни обвинители, бидејќи за истиот постои обврска да биде донесен, а во моемнтот такот документ не е донесен;
- Дека во материјалите за оваа точка се доставени исплатни ливчиња за исплата на надоместокот на членовите на УО за месец мај и јуни 2025 година;
- Доставена е Одлука од Уставен суд за укинување на член 17 став 3 од ЗАСЈО (донесена на 20.05.2025, со правно дејство од 16.06.2025 година). Во рамки на истото е доставен и Правилник за додатоци на директор и заменик на директор број 02-96/7 од 16.02.2024 година, донесен врз основа на член 17 став 3 од ЗАСЈО.

По однос на ова прашање, Управниот одбор, по одржана дискусија одлучи да го стави вон сила Правилникот за додатоци на директор и заменик на директор, донесен врз основа на член 17 став 3 од ЗАСЈО.

- Директорката на Академијата со Управниот одбор сподели и информација за поведена постапка пред Уставен суд за оценување на уставноста на уште 3 члена од ЗАСЈО (2 члена поврзани со надоместоците на Програмскиот совет и за 1 член во врска со местоположбата на Академијата во правосудниот систем во РСМ).
- Директорката на Академијата укажа дека во материјалите за седницата е доставено и барање за информација од јавен карактер во врска со назначувањето на членот во Програмскиот совет, Андреја Весов како и доставениот одговор по однос на истото од Академијата;
- Последно, директорката на Академијата, со Управниот одбор сподели допис од Академија до Министерство за Правда во врска со План за раст

на Западен Балкан 2024-2027 каде Академијата е опфатена во реформата 5.2.1 преку чекор – Слободните позиции за судиите и обвинителите се пополнуваат редовно врз основа на проекциите на СС и СЈО по спроведувањето на стратегиите за управување со човечки ресурси во судовите/ЈО (PPOs) (декември 2024 година и повторно во декември 2026 година), Уредба за спроведување и контрола на инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, донесена од Владата на РСМ на 20 мај 2025 година; Доставена пополнета табела до Министерство за правда на РСМ во врска со преземените обврски со Планот за раст, како и доставено барање до Министерството за правда на РСМ за измена на ЗАСЈО од 01.2024 година, поради грешката во бодовите во Законот.

За збор се јави членот на УО, Златко Биковски, кој посочи дека би сакал да го изнесе својот став по однос на дел од материјалите доставени под точката разно. Во однос на доставениот одговор на бараната информација од јавен карактер, посочи дека смета дека Академијата не постапила исправно што ја доставила бараната биографија на членот на Програмскиот совет Андреја Весов, од причина што Академијата не е создавач на информацијата и дека смета дека Академијата по однос на ова прашање требала да го препрати барателот на информацијата до создавачот на информацијата-Министерството за правда на РСМ.

За збор се јави директорката на Академијата, која во врска со истото укажа дека и кај Академијата се јавила дилема по однос на тоа дали треба да се достави бараната биографија, поради што, пред да биде доставен одговорот, вработената Ана Милчевска, телефонски исконтактирала со Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, од каде биле дадени насоки да се достави биографијата, со анонимизирани лични податоци, што и било сторено. Дополнително, од страна на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, бил даден совет, да токму овие кратки професионални биографии за членовите на Програмскиот совет на Академијата бидат поставени на веб страната на Академијата, како секое заинтересирано лице би можело да ја добие посакувана информација, без притоа да мора да се обрати со официјално барање за пристап до информации од јавен карактер.

Дополнително, јавниот обвинител Златко Биковски додаде дека би сакал да укаже и на уште една работа, а истата се однесува на доставениот допис до Министерството за правда на РСМ број 03-261/1 од 30.06.2025 година, каде најдолу во дописот стои реченицата „Сеуште останува обврската на Управниот одбор да донесе одлука за оваа генерација". Посочи дека директорката на Академијата во неколку наврати го изнесува ваквиот став, што смета дека е

неоснован и несоодветен и дека чуствува потреба да го искаже своето несогласување по однос на истото.

Дискусијата по однос на оваа точка беше исцрпена, по што стана збор за термин за одржување на следната седница, за која беше дискутирано дека најдобро би било да биде кон крајот на месец август и тоа доколку постојат услови за физичко присуство, истата би се одржала на тој начин, а во спротивно, кој е спречен да присуствува со физичко присуство, може да се приклучи и електронски.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 236-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Ана Милчевска,
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси